„Кој ќе го крене оружјето против нас – тој не е од нас.“

Од Ебу Муса ел-Ешари, радијаллаху анху, се пренесува дека Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кој ќе го крене оружјето против нас – тој не е од нас.“

[متفق عليه] [صحيح]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, предупредува на забраната од кревање оружје против муслиманите, било со цел да се заплашат, било за да им се одземе имотот. Кој и да го стори тоа без право, направил голем грев – еден од големите престапи (гревови) – и ја заслужил оваа остра закана и опомена од Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/2997